TÜRKİYE ULUSAL AJANSI
TURKISH NATIONAL AGENCY

Funded by
the European Union

ИЗДАНИЕ 2 ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА

ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО НАШИОТ

# ПРИПЕР ПРОЕКТ

## Билтен бр. 2



Припер приказната е приказна за поттикнување одржлив туризам и зелени работни места за младите што четири општини и пет организации од Турција, Грција, Италија и С. Македонија ја започнаа во 2023 година. Припер е 36-месечно партнерство за соработка, кое е ко-финансирано од Европската Унија преку Еразмус+ програмата и Турската национална агенција.

Promoting Environmental Protection and leARning on climate changE

**ПРОМОВИРАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И УЧЕЊЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ *(2023-2025)***

Funded by the European Union




Promoting Environmental Protection and leARning on climate changE

# АКТИВНОСТИ

## РАБОТИЛНИЦИ ЗА КО-КРЕИРАЊЕ

Во текот на јули - декември 2023 година, организирани се ко-креативни работилници и дискусии во четирите земји-учеснички во проектот. Меѓу поканетите учесници на еднодневните настани беа локални млади, претставници од општините и експерти од областа на туризмот и животната средина. Главна цел на активноста беше да се овозможи дискусија за одржливиот туризам, зелените работни места и зелените вештини, како и да се идентификуваат инспиративни примери за одржливи туристички практики.

## ТРАНС-НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

Во декември 2023 година беше изработен Транснационален извештај во кој се претставени клучни податоци за одржливите туристички практики, зелените работни места и зелените вештини во Турција, Грција, Италија и С. Македонија. Извештајот нуди и примери за одржливи туристички практики, вклучително и SWOT анализа за силните и слабите страни на четирите земји во оваа област.

## ОБУКА ЗА МЛАДИ И ЗА ОПШТИНИ

Врз основа на наоди од истражувањето организирано од деветте партнери, во декември 2023 г. беа развиени основите на обука за млади и за вработени во општината, која треба да им понуди знаења од областа на одржливоста, заштитата на животната средина и одржливиот туризам. Дополнително, програмата треба да ги инспирира младите за работа во зелениот сектор, како и во секторот одржлив туризам.

Општина Ушак
**Турција**

Општина Селци
**Италија**

Општина Метаморфози
**Грција**

Општина Кочани
**С. Македонија**

Здружение за одржлив развој
**Турција**

Системска динамика Италијанско поглавје
**Италија**

Симплексис
**Грција**

LATRA Innovation Lab
**Грција**

Еко Логик
**С. Македонија**